**Отворен е повикот за акцијата „Циркулација на европски книжевни дела“ на програмата „Креативна Европа на Европската Унија“ за 2025 година**

Европската комисија го објави повикот за акцијата „Циркулација на европски книжевни дела“ (CREA-CULT-2025-LIT), **со краен рок за поднесување на предлог-проектите 11 февруари 2025 година, до 17 часот (по средноевропско време).** За повикот се обезбедени 5 000 000 евра, а се очекува да бидат поддржани 40 проекти.

Поддршката е наменета за проекти што вклучуваат превод, објавување, дистрибуција и промоција на европски книжевни дела – белетристика. Предлог-проектите треба да се усогласени со специфичните цели и приоритети на повикот, како и со општите приоритети инкорпорирани во актуелните политики на Европската Унија, и тоа:

**Специфични приоритети на повикот**

- Јакнење на транснационалната циркулација и различноста на европските книжевни дела преку превод, објавување, дистрибуција и промоција на книжевни дела – белетристика – кои се напишани на помалку користени јазици.
- Промоција на читањето, јазичната и културната разновидност на европската литература пред широката публика.
- Промоција и зачувување на професијата литературен преведувач, вклучувајќи ги принципите на наградување на добрите услови за работа и правичност (во оваа смисла, издавачите се охрабруваат да обезбедат видливост на преведувачите во објавените книги).
- Јакнење на конкурентноста на книжевниот сектор преку поттикнување различна соработка во рамките на секторот (особено меѓу издавачите, книжарниците и библиотеките).

**Општи приоритети**

- Зелен план на ЕУ
- Дигитална транзиција
- Инклузија
- Родова еднаквост
- Меѓународна соработка

**Дополнителни насоки**

При подготовката на предлог-проектите, апликантите **се** охрабруваат да обезбедат синергија со другите видови поддршка на програмата „Креативна Европа – потпрограма Култура“ кои се однесуваат на книгите и на издавачкиот сектор, и тоа:

- Денот на европските автори (промоција на читање и откривање на европската литература).
- Наградата за литература на Европската Унија (промоција на европски автори во подем).
- Обезбедување литературни дела на украински јазик за украинските бегалци и раселените лица. (Квалификувано е печатење на украински (непреведени) литературни дела).
- Со цел да се поддржи книжевната преведувачка професија во согласност со принципите на добри работни услови и правично наградување, се препорачува помеѓу 20 % и 30 % од вкупниот буџет на проектот да се распределат за наградата за преведувачите и на преведувачите да им се даде признание и видливост со нивно именување, по можност на насловната страница.
- Со цел да се зачува јазичната разновидност, особено на помалку користените јазици, како и

квалитетот на преводот и професијата литературен преведувач, издавачите треба да склучат договор со професионални книжевни преведувачи и да ги наведат во базата на податоци на „Креативна Европа“. Притоа издавачите треба да ги почитуваат националните стандарди и најдобрите практики.

**Квалификувани активности**

Секој проект треба да содржи најмалку пет квалификувани дела за кои се предвидени:

- превод;
- објавување;
- промоција;
- дистрибуција на активности;
- активности што се однесуваат на темите и приоритетите опишани погоре.

**Квалификувани книжевни дела:**

- белетристика (романи, раскази, театарски и радиодрами, поезија, стрипови или литература за млади и деца);
- веќе објавени дела;
- книжевни дела чии автори се граѓани/жители на земјите кои учествуваат во програмата „Креативна Европа“ или се дел од нивното книжевно наследство;
- дела кои не се претходно преведени на целниот јазик освен ако за предложениот превод на делото во проектот не постои јасно утврдена потреба.

**Обем на активности**

- Работните пакети на квалификуваните книжевни дела – белетристика, кои ќе се преведуваат, објавуваат, дистрибуираат и промовираат, треба да се базираат на солидна уредувачка стратегија за дистрибуција и промоција.
- Активности кои треба да ја олеснат соработката меѓу различни актери од кои зависи вредноста на книгата и нејзиното издавање, и тоа: авторите, преведувачите, издавачите, дистрибутерите, продавачите на книги, библиотеките, литературните настани или фестивалите.

Предложените активности треба да се групираат, во делот Б, во кохерентни работни пакети. Секој работен пакет треба да содржи соодветна листа на активности, испораки, значајни настани/активности и ризици.

**Времетраење на проектот**

Проектите не треба да надминуваат период од 36 месеци.

**Квалификувани апликанти**

На овој повик може да аплицираат правни лица (приватни или јавни), кои дејствуваат во книжевниот и издавачкиот сектор и се регистрирани во земјите учеснички во програмата „Креативна Европа“.

Предлог-проектите може да бидат поднесени од индивидуални апликанти, како и од конзорциум составен од најмалку две партнерски организации што не се поврзани субјекти. Подносителот на апликацијата мора да е регистриран и активен најмалку 2 години пред крајниот рок за поднесување на апликацијата.

**Категории на проекти**

- Мали – преводи на најмалку 5 различни наслови, грант од ЕУ до 100 000 евра (60 % од вкупниот буџет на проектот).
- Средни – преводи на најмалку 11 различни наслови, грант од ЕУ до 200 000 евра (60 % од вкупниот буџет на проектот).
- Големи – преводи на најмалку 21 различен наслов, грант од ЕУ до 300 000 евра (60 % од вкупниот буџет на проектот).

Финансиската поддршка на ЕУ се базира на паушал и не може да надмине повеќе од 60 % од вкупниот буџет на проектот за секоја од наведените категории.

https://ec.europa.eu/info/funding-tenders/opportunities/docs/2021-2027/common/guidance/how-to-manage-your-lump-sum-grants_en.pdf

Вкупниот доделен грант по проект не може да надмине 200 000 евра за индивидуални апликанти, односно300 000 евра за предлози доставени од конзорциуми.

**Очекувани влијанија**

Предлог-проектите мора да се базираат на добра уредувачка и промотивна стратегија која вклучувапакет од најмалку 5 наслови преведени од и на квалификуваните јазици и да ги содржи следниве елементи:

- придонес кон различноста на литературата во дадена земја (или земји) преку вклучување литературни дела од недоволно застапени земји, со посебен акцент на делата напишани на помалку употребувани јазици;

- придонес за подигнување на профилот на преведувачите и почитување на принципите на правичен надомест;
- избран формат на книга и стратегија за дистрибуција која обезбедува широк и лесен пристап до европските литературни дела за пошироката јавност;
- стратегија за промоција која придонесува за проширување и развој и обновување на читателската публика;
- поттикнување на соработката меѓу автори, преведувачи, издавачи, дистрибутери, книжарници, библиотеки, фестивали, литературни настани и сл.;
- придонес за општите приоритети на Европската Унија.

**Начин на подготовка и поднесување на предлог-проектите/апликацијата**

- Повикот може да го најдете на следниов линк: https://ec.europa.eu/info/funding-tenders/opportunities/portal/screen/opportunities/topic-details/CREA-CULT-2025-LIT?order=DESC&pageNumber=1&pageSize=50&sortBy=startDate&isExactMatch=true&status=31094501,31094502&frameworkProgramme=43251814

Предлог-проектите се подготвуваат во согласност со критериумите и условите наведени во документот за повикот: Call for proposals Circulation of European Literary Works (CREA- CULT-2025-LIT), Version 1.0, 10 October 2025.
https://ec.europa.eu/info/funding-tenders/opportunities/docs/2021-2027/crea/wp-call/2025/call-

fiche_crea-cult-2025-lit_en.pdf

- Апликациите се обработуваат и се поднесуваат електронски преку **Funding &Tenders Opportunity Portal (F&TP)**

  Предлог-проектите мора да ја содржат проектната документација поднесена на соодветните обрасци што се наоѓаат во системот. Тие мора да бидат целосни и да ги содржат следниве прилози и придружни документи:

  **Дел А** – административни податоци за апликантите и вкупен буџет – се пополнуваат електронски;

  **Дел Б** – технички опис на проектот – преземете го формуларот од системот, пополнете го и поставете го назад во системот (макс. 70 страници);

  **Дел Ц** – дополнителни информации за проектот – се пополнуваат електронски;

  **Детален буџетски формулар** – се презема од системот;

  **Список на претходни проекти** во кои учествувале апликантите – последна страница од образецот Дел Б;

  **Датотека со информации за дела/преводи** генерирани и преземени од базата на податоци на Креативна Европа.

- Информации за пристапување до **F&TP** може да најдете на: https://www.eacea.ec.europa.eu/grants/how-get-grant_en